**20182294226**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 16 став (2) и (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16) и член 63 точка 7 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.25/00, 96/00, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06, 18/07, 36/07, 82/08, 98/08, 6/09, 67/09, 50/10, 156/10, 53/11, ,26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16 и 171/17), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 11.12.2018 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПАРТИЦИПАЦИЈА ПРИ КОРИСТЕЊЕТО НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ОДДЕЛНИ ЗАБОЛУВАЊА НА ГРАЃАНИТЕ И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА РОДИЛКИТЕ И ДОЕНЧИЊАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2018 ГОДИНА

1. Во Програмата за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Македонија за 2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/18), во делот „ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА“

- во точката, 1. „За здравствена заштита на родилките и доенчиња до 1-на годишна возраст потребни се средства за“ табелата се заменува со нова табела, која гласи:

„

| | |
|---|---|
| 1. Интрапартална заштита на родилки | |
| а) неоперативно породување – x 1.250 денари | 12.250.000,00 |
| б) оперативно породување-царски рез – x 4.200 | 16.000.000,00 |
| 2. Специјалистички лекарски прегледи на доенчиња до 1 година - x 40 денари | 900.000,00 |
| 3. Лекарски ортопедски преглед со ЕХО на доенчиња до 1 година – x 40 денари | 700.000,00 |
| 4. Лекување на доенчиња до една година во болнички услови | 4.000.000,00 |
| Вкупно: | 33.850.000,00 |

“

„ - во точката, 2. „За лекување во врска со наведените заболувања од точка 2 на оваа програма, потребни се средства за“ табелата се заменува со нова табела, која гласи:

„

| | |
|---|---|
| 1. Специјалистички лекарски преглед - x 40 денари | 1.000.000,00 |
| 2. Основни дијагностички испитувања: | |
| - лабараторија ЛУ 1 | 750.000,00 |
| - рендген | 750.000,00 |
| 3. Лекување во болнички услови | 10.500.000,00 |
| 4. Здравстени услуги за бремени жени поврзани со бременоста, на сите нивоа на здравствена заштита | 18.000.000,00 |
| Вкупно: | 31.000.000,00 |

“

- Во точката, 3. „За болни со хронична бубрежна инсуфициенција и нивно третирање со дијализа од точка 3 на оваа програма потребни се средства за“ табелата се заменува со нова табела, која гласи:

„

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Партиципација за осигурени лица кои се третираат со дијализа - х 1,00 денар | 850.000,00 |
| | Вкупно: | 850.000,00 |

“

- во точката, 5. „За малигни заболувања од точка 5 од оваа програма, потребни се средства за“ табелата се заменува со нова табела, која гласи:

„

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Партиципација за осигурени лица<br>- х 2.700,00 денари (максимум) | 28.000.000,00 |
| | Вкупно: | 28.000.000,00 |

“

По точката 9 „За прегледи во служби за спортска медицина од точка 9 од оваа програма потребни се средства за“ ставовите 1 и 2 се менуваат и гласат:

„Вкупно за точка 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8 и 9 потребни се 100.000.000,00 денари, и тоа износот: 35.000.000,00 денари од основниот буџет и 65.000.000,00 денари од Буџетот на самофинансирачки активности.

Вкупно потребни средства за реализирање на оваа програма се 100.000.000,00 денари за партиципација на осигурените лица во врска со лекување на одделни заболувања, породувањата и здравствената заштита на доенчињата.

Ставот 4 се менува и гласи: „Во оваа програма предвидени се средства за неизмирени обврски од 2016 и 2017 година, средства кои ќе се измират согласно обезбедените средства за реализација на Програмата.“

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 44-10577/1
11 декември 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.